Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**2120.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ЧИЈ ХРАНИТЕЛ Е ВОЈНИК НА СЛУЖЕЊЕ НА ВОЕНИОТ РОК**

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 јуни 2012 година.

Бр. 07-2917/1 Претседател
20 јуни 2012 година на Република Македонија,
Скопје **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ЧИЈ ХРАНИТЕЛ Е ВОЈНИК НА СЛУЖЕЊЕ НА ВОЕНИОТ РОК**

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок („Службен весник на Република Македонија" број 12/94).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**L I GJ**
**PËR SHFUQIZIMIN E LIGJIT PËR TË DREJTAT E ANETAREVE TË FAMILJES, MBAJTESI I SË CILES ESHTE USHTAR NË KRYERJEN E SHERBIMIT USHTARAK**

Neni 1

Me kete ligj shfuqizohet Ligji për të drejtat e anetareve të familjes, mbajtesi i së ciles eshte ushtar në kryerjen e sherbimit ushtarak ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 12/94).

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**2121.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 јуни 2012 година.

Бр. 07-2919/1 Претседател
20 јуни 2012 година на Република Македонија,
Скопје **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" број 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11 и 11/12), по членот 87 се додаваат 22 нови члена 87-а, 87-б, 87-в, 87-г, 87-д, 87-ѓ, 87-е, 87-ж, 87-з, 87-ѕ, 87-и, 87-ј, 87-к, 87-л, 87-љ, 87-м, 87-н, 87-њ, 87-о, 87-п, 87-р и 87-с, кои гласат:

„Член 87-а

Управните, финансиските, стручните, административните и другите работи за спроведување на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, утврдени со закон и Статутот на Агенцијата се работи од јавен интерес кои ги вршат вработените во Агенцијата.

Вработените во Агенцијата кои вршат работи од јавен интерес согласно со закон, имаат статус на јавни службеници.

Вработените во Агенцијата кои вршат помошни и технички работи немаат статус на јавни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности од работниот однос се применуваат одредбите на општите прописи од работните односи.

Вршењето на поединечни управни работи во управна постапка за остварување на правата од вработување и осигурување во случај на невработеност во согласност со закон, има карактер на јавни овластувања кои ги врши Агенцијата.

Член 87-б

За вработените во Агенцијата кои имаат статус на јавни службеници за прашањата кои се однесуваат на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на јавниот службеник се применуваат одредбите од овој закон и Законот за јавните службеници.